

**Локалитет „Бањски Рид“-Катланово**

Термоминерална вода “Бањски Рид“ с. Катланово, општина Петровец се наоѓа на околу 25 км ЈИ од Скпоје. Доделен е под концесија за експлоатација на 30 години на “Катлановска Бања“- Петровец. Експлоатација се врши од една експлоатациона дупнатина Д-1 со капацитет од 6,0–8,0 l/s. Водата е со температура од 56 $^{0}$C, а се користи за балнеологија и рекреација.

**Локалитет „Проевци“ - Куманово**

Термоминерална вода „Проевци“ (Кумановска Бања), општина Куманово се наоѓа на 3 км ЈИ од Куманово. Доделен е под концесија за експлоатација на период од 30 години. Располага со капацитет на термоминералната вода од дупнатината S-1 и 3-те извори е околу 5 l/s. Водата е со температура од 28-31 $^{0}$C., а по хемиски макрокомпонентен состав истата е $HCO_3$-Cl/Mg-(Na+K)-Ca тип на вода.  Се користи за балнеологија и рекреација.

**Локалитет „Стрновец“-Старо Нагоричане**

Термоминералната вода во „Стрновец“, општина Старо Нагоричане се наоѓа по долината на реката Пчиња во која е изведена експлоатациона дупнатина ЕД-1 до длабина од 172 м. Истата е со капацитет 14,4 l/s (самоизлив) со температура на водата од 38,6 $^{0}$C.  Овој

локалитетзасега нее доделен под концесија, а како таков истиот има потенцијал за изградба на објекти за развој на СПА центар.

**Локалитет „с. Бање – с. Долни Подлог“ – Кочани**

Располага со капацитет околу 350 l/s,  температура на водата од 73-80 $^0$C. Термоминералната вода се користи за загревање на објекти и за оранжериско производство, а со која располага КЈП “ВОДОВОД“–Кочани (концесионер). Термоминералната вода со капацитет околу 2,0 l/s од една дупнатина во с. Бање се користела за потребите на објектот за физикална терапија во самото село. Во рамки на општината има парцели на кој може да се градат објекти т.е. рекреативен СПА-центар.

**Локалитет „Кежовица – Лџи“ - Штип**

Располага со една експлоатациона дупнатина Д-1, со капацитет 1,3 l/s и температура на водата од 58 $^0$C,, Локалитетот е доделен под концесија, а термоминералната вода се користи за потребите Бањата во Штип како и за Заводот за физикална терапија. Истиот располага со потенцијал за обезбедување на дополнителни количини на термоминерална вода.

**Локалитет „Негорски Бањи“-Гевгелија**

Се наоѓа на излезот од с. Негорци према локалниот пат за Гевгелија. Експлоатационите дупнатини се со капацитет 50,0 (l/s) со температура на водата од 43-48 $^0$C, Термоминералната вода од овој локалитет е доделена под концесија, а додека истата се користи за балнеологија.

**Локалитет „Смоквица“-Гевгелија**

Се наоѓа на 10-тина км пред Гевгелија кај с. Смоквица. Експлоатационите дупнатини со

термоминерална вода се со капацитет 120,0 (l/s), со температура на водата од 55 - 65 $^{0}$C, . Со истата располага концесионе, а додека термоминералната вода се користи за загревање за оранжериско производство.

**Локалитет „Топлец"- Дојран**

Се наоѓа во непосредна близина на Дојран, термоминералната вода се дренира од природниот извор Топлец и неколку дупнатини и еден бунар на локалитетот „Дерибаш"-Стар Дојран. Потенцијалотна овој локалитет за термоминерална вода према прогнози е околу 15 km$^{2}$ со просечна дебелина на колектор од 300 m со зафатнина од 200 km$^{3}$ и прогнозни температури од околу 40 $^{0}$C.

**Локалитет „с. Раклиш" – Радовиш**

Располага со една дупонатина до длабина од 101 m., со издашност од 2,0-3,0 l/s и температура на водата од 27 $^{0}$C. Термоминералната вода од ова наоѓалиште е Mg-$HCO_3$ тип, Прогнозна длабина на резервоарот е околу 500 м., а додека према анализите на хемиските геотермометри очекувани прогнозни температури во истиот би биле од 50 - 80 $^{0}$C, што значи дека истиот има потенцијал за конкретни геолошки истражувања.

**Локалитет „с. Банско"-Струмица**

Термоминералната вода во с. Банско е од дупнатината е Д-1 која е со капацитет 55,0 (l/s) и температура на водата од 70 $^{0}$C. Термоминералната вода од овој локалитет е доделена под концесија, а додека истата се користи за загревање за оранжериско производство и балнеологија. Термоминералната вода спаѓа во групата на натриум сулфатен тип со вкупна минерализација од 1157 mg/l.

**Локалитет „Баниче - р. Пена" – Тетовско**

Се наоѓа во долината на река Пена во непосредна близина на Тетово између селата Шипковица и Селце. Дренирањето на термоминералната вода е преку неколку извори по течението на река Пена помеѓу селата Шипковица, Селце и некогашната Тетовска Бања со вкупна издашност од околу 10l/s со температура од 27-30 $^oC$. По хемиски состав термалните води се Ca-Mg-(Na+K)-$HCO_3$ тип со минерализација 3,3 g/l.

**Локалитет „с. Бањиште и Косоврасти“ – Дебар**

Термоминералната вода во с. Бањиште е од експлоатациони дупнатини кои се со капацитет 100,0 l/s со температура на водата од 38,6 $^0C$, а во с. Косоврасти експлоатационите дупнатини се со капацитет 68,8 l/s со температура на водата од 48 $^0C$, Со двата локалитета располага концесионер т.е. истите се доделени под концесија, а додека термоминералната вода се користи за балнеологија.

Изработил: м-р Костадин Јованов